Врз основа на член 50 став 1 и член 63 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" број 05/02), а согласно Програмата за локален економски развој („Службен гласник на Општина Гази Баба" број 17/21), Градоначалникот на Општина Гази Баба објавува :

**ЈАВЕН ПОВИК**

**за финансиска поддршка на микро и мали претпријатија, занаетчии, саемско партнерство и семејни земјоделски стопанства**

1. Предмет на јавниот повик е финансиска поддршка до 60.000 денари на поединечно барање на микро и мали претпријатија, занаетчии, саемско партнерство и дсемејни земјоделски стопанства за следниве намени:
   - *Набавка на опрема и алати за микро и мали претпријатија регистрирани не порано од 01.01.2017год*,
   - *Дизајн на производ и изработка на визуелен идентитет на производот/услугата – веб страна, дизајн на логотип, рекламен материјал за микро и мали претпријатија регистрирани не порано од 01.01.2017год*,
   - *Учество на регионални саеми (Србија, Грција, Бугарија, Албанија), за микро и мали претпријатија регистрирани не подоцна од 01.01.2015год*,
   - *Набавка на опрема и системи за наводнување капка по капка и друга земјоделска опрема, за семејни земјоделски стопанства.*

Согласно Програмата за локален економски развој („Службен гласник на Општина Гази Баба" број 17/21), предвидени се вкупно **600.000 денари.**

**Финансирани ќе бидат докажани трошоци настанати од датата на објавување на јавниот повик, за предвидените намени според овој јавен повик.**

Средствата од субвенциите не се наменети за финансирање на следниве трошоци:

- набавка на потрошен материјал, возила, компјутери и компјутерска опрема
- Износот платен за ДДВ за намените/трошоците за кои се бара финансирањето
- Царина за намените/трошоците за кои се бара финансирањето
- Курсни разлики
- Закупнина за деловен простор
- Трошоците чие плаќање е направено со компензација

**2.Право на учество на јавниот повик имаат:**

Микро и мали претпријатија регистрирани како ТП, ДООЕЛ, ДОО, или регистрирани субјекти како ЗАНАЕТЧИИ и СЕМЕЈНО ЗЕМЈОДЕЛСКО СТОПАНСТВО од лица со адреса на живеење на територија на Општина Гази Баба или со регистрирано седиште на фирма на територија на Општина Гази Баба (предност ќе имаат оние со седиште и адреса на живеење на територија на Општина Гази Баба и се од женски род) кои ги исполнуваат следниве услови:

- Да се регистрирани не порано од 01.01.2017 год, за микро и мали претрпијатија за првите две намени
- Да се регистрирани не подоцна од 01.01.2015 год, за микро и мали претпријатија кои бараат финансиска поддршка за саемско партнерство
- Носители на семејно земјоделско стопанство на возраст до 40 години
- Да имаат минимум еден вработен на неопределено полно работно време.
- Намирено даночни обврски кон општина Гази Баба, државата и кон своите вработени
- Да не се вработени во Општина Гази Баба
- Да немаат претходно користено финансиски средства од истата програма во претходните години (со Образец – изјава заверена на нотар се потврдува оваа информација)

**3.Потребни документи за пријавување:**

- Пополнет образец барање (може да се подигне од архивата или на веб страната на Општина Гази Баба
- Изјава заверена на нотар, дека средствата ќе бидат искористени за дејноста за која се наменети.
- Се однесува само на фирми за **саемско партнерство** - Тековна состојба од централен регистар, не постара од 30 дена.
- Се однесува само на **микро и мали фирми и занаетчии** - Решение за регистрирана дејност од централен регистар, не постара од 30 дена.
- Се однесува само на **семејни земјоделски стопанства** - Доказ имотен лист за сопственост на земјоделската парцела за која се бара финансиска поддршка.
- Листа на моментално вработени лица во претпријатието издадена од Агенција за вработување – М1 и М2 обрасци, не постара од 30 дена.
- Уверение за платени даноци и придонеси од Управата за јавни приходи на РМ не постаро од 30 дена.

Горенаведената документација се доставува во оригинал или копија. Доколку документацијата се доставува во копија, веродостојноста на секоја страница ја потврдува подносителот на барањето со свој потпис и печат.

Барањето за субвенционирање ќе ги разгледува Комисија формирана од Градоначалникот на Општина Гази Баба, составена од претседател и двајца членови. Изборот на апликациите кои ги исполнуваат условите утврдени во јавниот повик, ќе се прави запазувајќи го принципот “прв дојден, прв услужен”, односно по редослед на поднесување на апликациите, до исцрпување на расположливите средства.
Доколку поднесеното барање е некомплетно, Комисијата писмено ќе се обрати до апликантот и ќе определи рок за дополнување на барањето за финансиска поддршка. Со цел запазување на принципот “прв дојден, прв услужен”, за барањата со некомплетна документација како датум на поднесување на барањето ќе се смета датумот на последното дополнување на барањето, односно датумот кога барањето за финансиска поддршка ќе биде целосно комплетирано.

По добиеното известување за одобрување на средствата, потребно е да доставите фактура за набавката која сте ја направиле. Доказ за платената фактура е достава на банкарски извод за плаќање. Фактурата заедно со банкарскиот извод за плаќање треба да се достави во архива со пропратно писмо, како дополнување на вашето барање. По доставување на фактурата, комисијата ќе донесе решение за исплата на одобрените средства.

По исплата на средствата, комисијата има право да направи увид, со цел да констатира дека направената набавка одговара на наведеното во фактурата која ја има доставено апликантот.

Еден апликант може да користи финансиска поддршка само еднаш по овој Јавен повик.

По исцрпување на расположливите средства Општина Гази Баба ќе објави известување на веб страната www.gazibaba.gov.mk

Јавниот повик е објавен на веб страницата www.gazibaba.gov.mk
Барањата со комплетната документација во затворен плик се доставува до Архивата на Општина Гази Баба со *НАЗНАКА – за Јавниот повик за финансиска поддршка на микро и мали претпријатија, занаетчии, саемско партнерство и семејни земјоделски стопанства*, на ул Архимедова 2, Скопје,
**најдоцна до 31.10.2022 година**.
Лице за контакт - Лидија Крстеска на mail: lidija.krsteska@gazibaba.gov.mk